ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИ СКИТНИЦИ ЛАЈКА
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR MIRËQENIE TË KAFSHËVE ENDACAKE LLAJKA
Бр. Nr. 03-1833/1
05.08 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-8505/1
07.09.2021
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ
„ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 03-5699/1
05.08.2021 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за меѓуопштинска соработка за заловување на кучиња на подрачјето на општината Карпош

**Склучен во Скопје на ___.___.2021 година помеѓу :**

1. **Град Скопје,** со седиште на Бул.Илинден бр.82, застапуван од Градоначалникот на Град Скопје г-дин Петре Шилегов (во натомошниот текст: **Град Скопје**)
2. **Општина Карпош,** со седиште на ул. Радика бр.9 (барака 1 и барака2), застапувана од Градоначалникот на Општината г-дин Стефан Богев (во натамошниот текст: **Општина Карпош**) и
3. **ЈП Лајка-Скопје,** со седиште на ул.840 бр.2, застапувана од в.д. директорот Тина Петрушевска (во натамошниот текст: ***ЈП Лајка***)

**I ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу Град Скопје, Општина Карпош и ЈП Лајка-Скопје, по основ на финансиско учество заради остварување на заедничка цел и интерес при заедничко вршење на работи од заедничка надлежност која се однесува на заловување и собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини на подрачјето на општината Карпош.
Договорот се склучува согласно Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.16/2020), како и Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје за заловување на кучиња на подрачјето на општината Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.10/2021).

**II НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

**Член 2**

Град Скопје ќе учествува во меѓуопштинската соработка со обезбедување трајно и квалитетно вршење на заедничката надлежност на целото подрачје на општината преку Јавното претпријатие Лајка - Скопје и со предвидени финансиски средства за таа намена кои се обезбедуваат во Буџетот на Град Скопје за секоја буџетска година.
За 2021 година, за таа намена, во Буџетот на Град Скопје предвидени се 10.000.000,00 денари со пресметан ДДВ.
Општина Карпош ќе учествува во меѓуопштинската соработка во 2021 година со предвидени финансиски средства во износ од 1.000.000,00 денари (за месеците од јули до декември 2021 година), обезбедени во План програмите за развој на Општина Карпош во 2021 година и во Буџетот на Општина Карпош за 2021 година.
Општина Карпош има обврска да уплатува на сметка на ЈП "Лајка" 6 еднакви месечни рати во износ од 166.667,00 денари.

Општина Карпош се обврзува да ја продолжи меѓуопштинската соработка во периодот 2022 и 2023 година за што ќе предвиди средства согласно своите планови.
Вкупниот износ предвиден за таа намена е 2.000.000,00 денари годишно, поделен на 12 еднакви месечни рати, со поединечен износ на месечна рата од 166.667,00 денари

**Член 3**

Времетраењето на заедничкото вршење на работите од заедничка надлежност и превземањето на обврските кои произлегуваат од меѓуопштинската соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош се утврдува за целиот временски период на правна сила на одлуките од член 1.

**Член 4**

При остварувањето на меѓуопштинската соработка, утврдена во член 1, помеѓу Град Скопје и Општина Карпош, постапките за издавање налог за работење и вршење надзор над самото работење ќе ги врши Град Скопје согласно Договор бр.08-1160/1 од 29.01.2021 година, склучен помеѓу Град Скопје и ЈП Лајка Скопје.

**III ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 5**

Договорот е составен во 6 (шест) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја од договорните страни.

**Член 6**

Евентуалниот спор помеѓу договорните страни во врска со овој договор ќе го решава надлежен суд во Скопје.

**Член 7**

Можните измени и дополнувања настанати по склучување на овој договор договорните страни ќе ги договорат спогодбено и писмено ќе ги приклучат кон овој договор со анекс на договор.

**Член 8**

Овој договор влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Градоначалник
на Град Скопје
Петре Шилегов

Градоначалник
на Општина Карпош
Стефан Богев

ЈП Лајка – Скопје
в.д Директор
Тина Петрушевска